GENERALI
INVESTMENTS

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КОМПАНИЈАТА

# нашето лого **повеќе од 180 години**

**Луѓето честопати нѐ препознаваат како „Лавот од Трст“. Сепак, Лавот на Свети Марко е избран за симбол во 1848 година, по создавањето на Венецијанската Република.**

Двоглав орел на Хабсбуршката империја е оригиналното лого на компанијата воведено во 1833 година, нешто повеќе од една година по основањето на Assicurazioni Generali. Ова претставува најрадикалната промена на логото, но не е единствената. Со текот на времето логото се развива заедно со историскиот контекст и новите барања во визуелната комуникација.

Главните пресвртници во историјата на логото се прикажани подолу:

## 1833 – ДВОГЛАВ ОРЕЛ

Нешто повеќе од една година по основањето Assicurazioni Generali Austro-Italiche доби дозвола да ја користи сликата на двоглавиот орел - симболот на домот на Хабсбург - на своите документи.

## 1848 – ЛАВОТ НА СВ. МАРКО

По востанието што доведе до создавање на Венецијанската Република, компанијата го отстранува “austro-italiche” од своето име со цел подобро да го изрази италијанскиот идентитет, прифаќајки го Лавот на Свети Марко како симбол за својот италијански бизнис.

## 1881 – ЛАВ СВРТЕН КОН ДЕСНО

На својата 50-годишнина, компанијата одлучи да ги замени и обедини различните верзии на своето лого со лавот „свртен кон десно“. Ова лого се употребува сè до почетокот на 20 век, кога повторно се враќа класичната слика - лавот свртен кон лево.

## 1978 – ТРГОВСКА МАРКА НА ГРУПАЦИЈАТА

Зголемената потреба за координирање и обезбедување на стратешко водство за деловите кои работат на различни пазари доведува до дизајнирање на трговска марка на групацијата.

## 2014 – ЕДИНСТВЕНА ТРГОВСКА МАРКА

Од Јануари 2014 година, помодерниот и динамичен Лав, стана единствен симбол што ја идентификува целата група во светот. Редизајнираното лице му дава на лавот поостар профил, преправените крилја овозможуваат подобра репродукција од мал обем, а шепите и опашката се поедноставни. Овој потег е во согласност со желбата на групацијата да додаде вредност на нематеријалните средства.

# историја на групацијата

**Generali Investments CEE е основана во 1991, заедно со раѓањето на Чешкиот пазар на капитал. Во Словенија, групацијата управува со најстариот фонд "Галилео", формиран во 1992 година. Во Хрватска фондовите започнуваат со работа во 1999 година.**



## НИЕ СМЕ ДЕЛ ОД GENERALI GROUP

Generali Investments CEE е дел од Generali Group, една од најголемите светски осигурителни групации, со премии за осигурување над 69 милијарди евра. Во повеќе од 50 земји, Generali вработува професионален кадар од преку 71.000 луѓе и опслужува 57 милиони клиенти. Во 2017 година, истражувачката компанија Corporate Knights ја оцени Групацијата како најголема светска компанија, која се грижи за одржлив развој. Групацијата работи во 12 држави, меѓу кои Австрија и држави во Централна и Источна Европа и Русија, преку холдинг компанијата Generali CEE Holding и е рангирана помеѓу трите најголеми осигурителни компании во регионот.

## ЖИВЕЕМЕ СО РЕГИОНОТ НА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА

Денес ние сме многу блиски до финансиските пазари на Централна и Источна Европа, допирајќи до нивните срца. Ја разбираме нивната локална разновидност, сложеност па дури и нивните недостатоци. Веруваме дека овие принципи се клучот на успехот и на одржливоста во управувањето со средствата.



Универзитет Чарлс во Прага

Основан во 1348 година, претставува првиот универзитет во Централна Европа. Печатот го покажува неговиот заштитник Царот Чарлс IV, со своите грбови како крал на Римјаните и крал на Бохемија, клекнат пред Сент Венсисла, покровител на Бохемија.

# за **компанијата**

**Generali Investments CEE е најголемата компанија за управување со средства во Централна и Источна Европа која раководи со капитал на институционални и приватни инвеститори што надминува 17.9 милијарди евра. Generali Investments АД Скопје е дел од оваа група.**

Generali Investments АД Скопје на пазарот постои од 2008 година. Нашите фондови инвестираат во различни инвестициски класи - инструменти со фиксен принос, депозити, акции на светски пазари во различни индустрии. Благодарение на широкиот спектар на инвестициски производи со долгорочен потенцијал што го нудиме, инвеститорите можат да создадат свое портфолио во секое време според нивните желби и потреби.



**12 CEE земји во Австрија / CEE / регион на Русија**

**8 валути**

**17.9 милијарди евра**
средства под управување

**22%**
удел на локалниот пазар

**150+**
вработени

***185 години искуство во осигурувањето на Generali Group има позитивна транскрипција во ДНК на нашето управување со инвестиции.***
***Тоа нè научи да се потпираме на предвидливи настани, како и да сметаме на неочекуваните...***

# наши **клиенти**

**Нудиме управување на средствата на осигурителните и реосигурителните компании, пензиски фондови, банки, финансиски институции и фондации.**

Имаме богато искуство со управување на средствата на институционалните инвеститори и приватните клиенти во голем број на земји во Централна и Источна Европа. Во овој регион управуваме со средствата од клиентите во Австрија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Црна Гора, Унгарија, Полска, Романија, Русија, Словачка, Словенија, Србија и Северна Македонија.



Palazzo Carciotti - првото седиште во Трст

Palazzo Carciotti, изграден во нео-класичен стил во раните 1800-ти од еден богат трговец со Грчко потекло, е дом на седиштето на Generali од денот на основањето до 1866 година.

## нашите **луѓе**

ЌЕ НЕ НАЈДЕТЕ

**Имаме најголем тим на инвестициски професионалци со посебен фокус кон специфични земји, пазари, сектори.**

Голем број на инвестициски советници и аналитичари се вклучени во процесот на управување со средствата и носењето на одлуките.

РАБОТА СО МЕЃУНАРОДЕН ТИМ

**Во Generali Investments споделуваме искуства и аналитичка поддршка со сестрински компании во Западна Европа - Групацијата Generali Investments во Љубљана, Загреб, Трст, Париз, Келн:**

- Нашето одлучување за инвестирање е поддржано од силен меѓународен тим на аналитичари со познавање на пазарите, секторите и компаниите.
- Во Generali Групацијата, применуваме дисциплиниран процес на вложување, што ни овозможува доследно да ги повторуваме силните резултати од управувањето со средствата.
- Користиме соодветни инвестициски модели за управување со ризикот за заштита на вложениот капитал и во услови на волатилност да се оствари принос на нашите клиенти.

## управување со **средствата**

КЛИЕНТИТЕ ИМААТ КОРИСТ ОД НАШИОТ ПРЕТПАЗЛИВ ПРИСТАП ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

**Нашата инвестициска филозофија е под големо влијание на близината и на долгорчната врска со осигурителната група. Ги задоволуваме потребите на нашите клиенти, исполнувајќи ги нашите обврски во сите околности.**

Нашите најуспешни инвестициски стратегии се рефлектираат во управувањето со средствата на фондовите: се засноваат на фундаментално ориентиран пристап и ги земаат во предвид сите ризици. Тие одржуваат ниска волатилност и конзистентност во долгоргорочните инвестициски хоризонти.



Љубљанска тврдина

Изградена во 1144 година, за првпат се споменува како седиште на Војводството Корушка. Областа околу денешниот замок континуирано била населувана во 1200 година п.н.е.

GENERALI INVESTMENTS

## одлуки при **инвестирање**

**Секогаш се обидуваме да најдеме успешни одговори на прашањата што ги носат тековните случувања на глобалните финансиски пазари.**

Ставовите на нашиот тим за анализи се од непроценливо значење за инвестициите на нашите портфолио менаџери.

### ИМАМЕ РЕАЛНИ ИНВЕСТИЦИСКИ РЕШЕНИЈА

- Ниски или негативни каматни стапки
- Негативни приходи на обврзници
- Геополитички неизвесности
- Пазарни движења на берзата

## инвестициски **фондови**

**Нудиме широк асортиман на инвестициски фондови кои одговараат на голем број инвеститори, без разлика дали се конзервативни, динамични или некаде помеѓу.**

| Чешки фондови | Ирска SICAV | Словеначки фондови | Хрватски фондови | Македонски фондови |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| Generali Investments CEE | Generali Investments CEE plc | Generali Investments SI | Generali Investments HR | Generali Investments MK |
| 16 отворени инвестициски фондови | 16 под-фондови | 16 инвестициски фондови | 9 отворени инвестициски фондови | 4 отворени инвестициски фондови |
| 1 затворен хибриден фонд | сите инвестициски стратегии, вклучувајќи фондови со различни класи | 2 алтернативни инвестициски фондови | 1 алтернативен инвестициски фонд | |



### Црква Св. Марко

Сликовитата црква Св.Марко е една од најстарите градби во Загреб и еден од симболите на градот. Изградена е во 13 век со елементи на готика.

ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОРТФОЛИО КОЕ НАМАЛУВА ТРОШОЦИ, НЕСТАБИЛНОСТ И ДАНОЦИ

Управуваме со инвестициски фондови со различни инвестициски политики, преку кои може да ја одберете вашата идеална стратегија за вложување:

- Паричен фонд (конзервативен)
- Акциски фондови

МАРКЕТИНГ ПОДДРШКА

Нудиме стандардни информации за поддршка на продажбата на фондовите и прилагодени обуки и семинари.

## за институционални инвеститори

Generali Investments е под силно влијание на основата на Групацијата – осигурување: следиме пристап кој е фундаментално заснован на внимателност кон ризикот со цел да генерираме стабилност:

- Следиме **дисциплиниран инвестициски процес**, за да обезбедиме повторливи перформанси и да ја зајакнеме свеста од ризикот,
- **Ги користиме интерните и глобалните анализите во рамките на Групацијата Generali** за да ги поддржиме одржливите резултати кои се базирани на суштинското знаење за пазарите, секторите и компаниите.
- **Користиме претпазливи пристапи за инвестирање**, за да оствариме принос на инвестиција и да го заштитиме инвестираниот капитал.

## за индивидуални клиенти

**Нашите експерти ја преземаат одговорноста да се грижат за вашите средства.** Секој ден носат инвестициски одлуки, земајќи ги во предвид вашите лични состојби, желби и цели. Состојбата на удобност и мирот во умот е позитивната нуспојава кога се потпирате на нашите услуги за управување со средства:

- **Професионализам**: користиме структурно и дисциплинирано управување кое резултира со конзистентна инвестициска политика.
- **Активно управување**: гледаме долгорочно, додека активно ги користиме можностите од краткорочните трендови за да профитираме од одредени економски случувања.
- **Заштита на капиталот и глобална диверзификација**: ги ограничуваме ризиците од портфолијата.



Камен Мост

Претставува една од најзначајните знаменитости на градот. Сместен е во центарот на градот и ги поврзува плоштадот Македонија и Старата скопска чаршија.



# The Age of the Lion

**Generali, патување кон третиот милениум уште од 1831 година.**

GENERALI | GENERALI INVESTMENTS

generali.com | generali-investments.mk

